РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено: | 26.08.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/81 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **македонски јазик** за VI одделение на деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

VI ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2013

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособува да ги препознава и да ги разликува основните каратеристики на македонскиот јазик;
- да се оспособува да ги разликува видовите согласки и самогласки во писменото и усното изразување;
- да се оспособува да го применува правилото за зборовно акцентирање во македонскиот стандарден јазик;
- да се оспособува да развива сложена од проста реченица и да направи проста од сложена;
- да се оспособува да разликува зборови со различно лексичко значење во усната и писмената комуникација;
- да се оспособува да ги усвојува основните поими кои ја карактеризираат драмата како книжевен вид/род;
- да се запознае со основните карактеристики на лирските творби;
- да се поттикнува да учествува во разговор.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: *ЈАЗИК*** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се поттикнува да стекне основни сознанија за потеклото на македонскиот јазик;<br>- да се поттикнува да препознава графеми од глаголското и кирилското писмо (на факсимил). | Потеклото на македонскиот јазик<br>Старословенски азбуки: глаголица и кирилица<br>Современо македонско кирилско писмо | Старословенски јазик<br>Глаголица<br>Кирилица<br>Современо македонско кирилско писмо | • Визуелно запознавање на старословенскиот јазик (фотокопии од текстови на споменици).<br>• Разгледување текстови со глаголско и кирилско писмо. |
| | **Фонетика** | | |
| - Да се поттикнува да ја спознае слоготворната функција на самогласките;<br>- да се оспособува да ги препознава видовите согласки. | Поделба на гласовите (самогласки и согласки)<br><br>Поделба на согласките: звучни, беззвучни | Самогласки<br><br>Согласки | • Вежба: Подредување карти со букви од азбуката - самогласките се на сини картички, а согласките на црвени картички). Треба да прочитаат, а потоа да ги издвојат сините картички и да ги сместат во сина кутија на која пишува самогласки, а црвените да ги соберат во црвена кутија на која пишува согласки.<br>• Вежба: Подредување карти обоени со жолто-црвена боја - звучни согласки и карти со беззвучни согласки обоени со зелено- црвена боја. Треба да ги сместат картите во кутии со идентична боја.<br>• Вежба: На листа од зборови треба да ги заокружат звучните согласки со жолта боја, а беззвучните со зелена боја. Доколку имаат говор ги изговараат (наставникот детектира кои гласови неправилно ги изговараат). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Да се оспособува правилно да ги акцентира зборовите во усното изразување;<br>• да се поттикнува да го определи акцентот на зборовите. | Правила за акцентирање на зборовите: еднослoжни, двосложни и повеќесложни | Акцент: динамичен и определен | • Вежби за правилно акцентирање на зборовите.<br>• Вежби за обележување на акцентот. Составува збор со карти, го дели на слогови (со помош на тактирање) – ги применува правилата за акцентирање.<br>• Вежба: Добиваат листа на зборови со обеле-жан акцент. Секој ученик ги изговара зборовите според одбележаниот акцент. |
| | **Морфологија** | | |
| • Да се поттикнува да препознава видови зборови. | Морфолошка класификација на зборовите: менливи и неменливи зборови | Видови зборови | • Вежби за препознавање на видовите зборови. |
| • Да се поттикнува да препознава видови именки. | Именки: општи, сопствени и збирни | Именки: општи, сопствени и збирни | • Препознавање на видот на именките со асистенција на наставникот – видот на именките го поврзуваат/препознаваат според одредена боја (општи именки –црвена боја, сопствени – сина боја, збирни именки – зелена боја).<br>• Препознавање на видот на именките (со асистенција на наставникот) во реченици. |
| • Да се поттикнува да ги применува глаголите како видови зборови;<br>• да се поттикнува да ги препознава исказниот, заповедниот и можниот начин (без дефинирање). | Глаголи<br>Граматичка категорија начин: исказен, заповеден и можен начин | Категорија начин кај глаголите | • Вежби за препознавање на глаголите и нивните граматички категории преку насочени прашања од типот: Кој збор означува работа? (глаголите ги поврзуваат со движење/активност).<br>• Вежби: Читаат зборови напишани на карти. Зборовите кои означуваат движење/ активност ги ставаат во каса со форма на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | топка, а, останатите во каса со форма на коцка. |
| ✦ Да се оспособува да препознава видови придавки;<br>✦ да се оспособува да препознава материјални придавки и правилно да ги употребува. | Придавки | Материјални придавки | • Вежби за препознаванње на придавките.<br>• Вежби за препознавање на материјалните придавки.<br>• Вежби за правилна употреба на материјалните придавки во реченици.<br>• Вежби за збогатување на текстот со употреба на придавки. |
| ✦ Да се поттикнува да ги применува заменките како видови зборови. | Заменки (лични и показни) | Лични<br>Показни | • Вежби за препознавање на личната заменка (јас) и нејзина примена во говорот.<br>• Вежби за препознавање на заменки преку одговори на прашањето „Кој?’’. |
| | **Синтакса** | | |
| ✦ Да се поттикнува да ги открива подметот и прирокот во реченици (повторување). | Реченица: главни реченични делови (подмет и прирок) | Главни реченицни членови: подмет и прирок | • Вежби за препознавање подмет и прирок во реченицата.<br>• Вежби за самостојно составување реченици со различни видови зборови во функција на подмет. |
| ✦ Да се оспособува да ги препознава и именува прилошките определби (додатоци на прирокот); | Неопходни реченицни делови: прилошки определби за место, време, начин | Прилошки определби: за место, време, начин | • Вежби за препознавање и класифицирање на прилошките определби според видот.<br>• Вежби за правилен ред во реченицата при нивната употреба. |
| ✦ Да се оспособува да ги препознава сложените реченици;<br>✦ да се поттикнува да ги проширува простите реченици во сложени. | Сложена реченица - поим за сложена реченица | Сложена реченица | • Вежби за откривање на сложената реченица. Вежби за составување сложени реченици (проследено со илустрации).<br>• Вежби за трансформација на прости во сложени реченици (проследено со илустрации). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Речник и стил** | | |
| - Да се оспособува да ги употребува хомонимите и антонимите во усниот и писмениот говор.<br>- да се оспособува да го збогатува изразувањето со примена на овие зборови. | Лексичко значење на зборовите | Хомоними<br>Антоними | - Вежби за откривање на зборовите според нивното лексичко значење (проследено со илустрации).<br>- Вежби за примена на овие зборови во текст (проследено со илустрации). |
| | **Правопис** | | |
| - Да се поттикнува да го осознае значењето на посочени скратеници. | Скратеници: за обраќање кон лица, за мерките во метричкиот систем и за други мерки и големини | Скратеници | - Вежби за објаснување на посочени скратеници. |
| - Да се оспособува да ги применува правилата за слеано пишување на зборовите. | Слеано пишување на сложените зборови: именки, придавки, прилози и броеви | Слеано пишување на зборовите | - Вежби за слеано пишување на зборовите.<br>- Диктат. |
| - Да се поттикнува да го разликува основното и преносното значење на зборовите. | Употреба на зборовите во нивното основно значење и можностите за употреба во преносно значење | Речник и стил: основно и преносно значење на зборовите | - Вежби за согледување на основното и преносното значење на зборовите. |
| - Да се поттикнува за правилна употреба на интерпункциските знаци. | Употреба на интерпункциските знаци: точка, запирка, прашалник, две точки. | Интерпункциски знаци (точка, запирка, прашалник, две точки) | - Вежби за правилна употреба на интерпункциските знаци во писменото изразување (проследено со илустрации). |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЦЈЕ: *ЛИТЕРАТУРА* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- Да се поттикнува да осознае за постоењето на литературните родови;<br>- да се поттикнува да чита кратки лирски творби. | Поделба на литературата | Литературни родови: лирика и епика | • Разгледување литературни текстови од трите литературни. |
| | **Проза** | | |
| - Да се оспособува да презентира содржина од учен текст (преку одговори на прашања). | Содржина на текст | Содржина | • Вежби: Презентира содржина од учен текст (преку одговори на прашања).<br>Напомена: Учениците кои имаат проблем со говорот користат електронска говорна табла. |
| - Да се поттикнува да го открие расказот како куса проза. | Видови раскази | Расказ | • Читање раскази.<br>• Примена на аудиосредство. |
| - Да се поттикнува да разликува раскажувачка форма во прво и во трето лице. | Раскажувач | Наратор (раскажувач) | • Вежби за раскажување во прво и трето лице. |
| - Да се поттикнува да ја осознае спецификата на драмскиот текст. | Поим за драма (како литературен род) | Драма | • Детски драмски текстови.<br>• Аудиосредство. |
| - Да се оспособува да ги препознава дијалозите и монолозите во извадоци од детски драмски текст. | Дијалог и монолог во драмски текст<br>Комуникациски дијалог | Дијалог и монолог | • Драмски детски текстови со драмски дијалог.<br>• Вежби за водење меѓусебен комуникациски дијалог.<br>• Монолог – демонстрација од страна на наставникот. |

| | Поезија | | |
|---|---|---|---|
| - Да се оспособува да ги препознава видовите лирски песни. | Лирски видови | Видови лирски песни | • Избор од лирски песни (со различни мотиви).<br>• Рецитирање.<br>• Аудиосредство. |
| - Да се оспособува да усвои стилски фигури. | Стилски фигури | Стилски фигури | • Текстови од народната и авторската литература.<br>• Читање на творбите. |
| - Да се поттикнува да ги осознава лирските и епските елементи во творбите. | Белези на лирско-епските песни | Лирско - епски песни | • Лирско - епски песни од народната и од авторската литература. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | **Усно изразување** | | |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- Да се поттикнува да употребува соодветни зборови за културна комуникација. | Разговорот како вид комуникација: формулирање прашања и одговори на прашањата | Разговор | • Вежби за културна меѓусебна комуникација (користење говорна табла).<br>• Вежби во двојки (парови) за водење службен и приватен разговор (користење говорна табла). |
| - Да се оспособува да раскажува доживеани случки;<br>- да се поттикнува да го збогатува изразувањето со употреба на изразни средства. | Хронолошко и ретроспективно раскажување<br>Опишување ликови | Прераскажување<br>Раскажување<br>Опишување<br>Лик | • Вежби за раскажување со помош на поставени прашања.<br>• Вежби за збогатување на изразувањето со употреба на изразни средства. |
| - Да се поттикнува да осознае што е извештај и да селектира факти. | Известување: вест, извештај | Вест<br>Извештај | • Вежби за разгледување вест, извештај.<br>• Разгледување фрагменти од текстови од весници и списанија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ✦ Да се поттикнува да ги применува знаењата за читање дијалог, монолог;<br>✦ да се поттикнува да изведе фрагмент од драмски текст (со мимики, гестови, движења, глас и сл.). | Сценски изведби | Драматизација | • Вежби за читање текстови по улоги.<br>• Организирање импровизирани сценски изведби. |
| | **Писмено изразување** | | |
| ✦ Да се поттикнува да применува знаења од правописот, стилот и јазикот и јазичните норми во писмена форма. | Писмено изразување | Раскажување | • Вежби за писмено изразување.<br>• Вежби за примена на стекнатите знаења за писмено изразување. |
| ✦ Да се оспособува правилно да ги напише кусите текстови кои му се диктираат. | Диктат | Диктат | • Диктат.<br>• Работа во парови - меѓусебно диктирање. |
| ✦ Да се поттикнува за правилно писмено изразување. | Писмено изразување | | *Напомена: Да се користат соодветните современи методи и техники за читање и пишување кои ќе придонесат за критичко размислување на учениците.* |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: *МЕДИУМСКА КУЛТУРА* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- Да се запознава со процесите во создавањето книга;<br>- да се оспособува да препознава рубрики во весници и списанија. | Видови медиуми: електронски и печатени<br>Книгата како медиум<br>Весници, списанија и рубрики | Медиуми: печатени и електронски | • Весници и списанија (разгледување, читање, коментирање и сл.).<br>• Вежби за правилно користење на електронските и печатените медиуми. |
| - Да се оспособува да ја осознае улогата на театарската претстава. | Актер | Режисер<br>Актер | • Посета на театарска претстава. .<br>• Обид за правење драмска претстава на училиште. |
| - Да се оспособува да ја осознае улогата на медиотеката. | Медиотека | Медиотека | • Посета на медиотека.<br>• Вежби за користење на соодветен софтвер во медиотека за пребарување податоци од областа на литературата, филмот и театарот. |

Напомени за начинот на планирање и реализација на наставната програма

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а, се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали, и, секако максимални академски постигања.
Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО МУЛТИХЕНДИКЕП

Карактеристичните „одлики" на учениците со мултихендикеп имаат импликации во повеќе области. Имено, учениците со мултихендикеп имаат „сиромашна" меморија, површно, лабилно и краткотрајно внимание, ограничено логичко расудување, дефицитно сознание за себе и за окружувањето, ограничени способности за дискриминација и исклучително редуцирана способност за имагинација и апстракција. Кај ученикот со мултихендикеп примарни се сериозните пречки во психичкиот развој, но овие ученици, исто така, може да имаат редукција на слухот и/или видот и симптоми на аутизам. Повеќето од нив се потполно зависни од околината, односно потребен им е постојан надзор. Заради успешно одговарање на сите специфични индивидуални потреби на учениците со мултихендикеп, како и заради специфичниот стил на учење, наставникот треба да планира различни типови наставни часови (часови за обработка на наставните содржини, часови за увежбување, за повторување и часови за проверување на нивото на усвоеност на наставните содржини). Пред да се започне со обработка на нова содржина,

треба да се искористи предзнаењето на ученикот, односно да се појде од веќе познатото како вовед во новите содржини. Бидејќи учениците имаат скромни искуства и предзнаења, наставникот пред да започне со обработката на новите наставни содржини треба да планира и реализира набљудувања и/или посети со цел стекнување и проширување на нивните конкретни искуства и предзнаења. За да им овозможи на учениците постапно усвојување на содржините, новото градиво треба да го изложува етапно.
При објаснувањето на новите поими треба да планира доволно време и да користи повеќе соодветни средства и помагала за успешно приближување на новиот поим на ученикот. Наставникот треба да користи конкретни предмети и/или нивни модели, внимателни избрани слики, цртежи, илустрации, филмови и сл. При усвојување на нов поим (доколку се усвојува со сите ученици) го запишува на училишната табла и/или на индивидуална плоча, картон или соодветно парче хартија (доколку новиот поим се однесува на конкретен ученик). Доколку е потребно наствникот користи синоними на поими познати на ученикот.
Дополнителните објаснувања треба да бидат концизни и прецизни. Наставникот не треба да воведува нови поими доколку претходните не се потполно усвоени. Наставникот не треба да дозволи да се „натрупуваат“ нови поими, затоа што вниманието на ученикот флуктуира и тој.таа постепено губи интерес активно да партиципира на часот.
Кај репродуктивното повторување во наставните содржини треба да се внесуваат одредени смислени промени. Тоа е интересно за учениците, бидејќи со промените се избегнува монотонијата, а е поефикасно за ученикот затоа што придонесува за потполно остварување на фукнкционалните цели на наставата. Токму тие промени создаваат дополнителни напори и проблеми за овие ученици. Тоа е етапа на усвојување на знаењата кога се оперира со факти, кога се работи на генерализации, за апстракции и разбирање на поставените задачи. Тоа од учениците бара активно творечко решавање, прикажување на постигнатите резултати а, за сето тоа е потребен развиен говор и добри аудитивни способности (компетенции кои овие ученици или не ги поседуваат или не се на задоволително ниво).
Развојот на говорот и слушањето е перманентен процес, кој трае во сите етапи од основното образование. За да можат учениците да ги развиваат творечките способности, треба да ги разбираат наставните содржини. Заради тешкотиите во разбирањето на многу изрази, факти, апстракции и генерализации, треба да се организираат и говорни и слушни вежби. Во случаите со слаби говорни способности, тешко може да се постигне учениците самостојно да произнесуваат преструктуирани содржини. Заради тоа, овие ученици во фронталниот начин на работа тешко можат да ги изразат сопствените вистински потенцијални интелектуални творечки способности, како што се досетливоста, проникливоста, оригиналноста и неконвенционалноста.
При усното проверување на нивото на постигања, наставникот треба да поставува приилагодени, соодветни, јасни, разбирливи прашања-задачи (по потреба да се користи со дополнителни прашања,особено кога сака да ги провери способностите на мислењето на ученикот и евентуално формализмот во неговото знаење). Во таквиот начин на проверување субјективниот фактор наставник може да има голема улога и во постигањето на адекватниот однос кон ученикот и во создавање на пријатна клима (со стрпливост и разбирање), како и при вреднувањето на нивото на постигањата на ученикот.

Писменото проверување овозможува проверка на познавањето на содржината, способноста за мислење и писмено изразување. За да биде сигурен дека ученикот правилно го разбира усмениот налог, истиот го запишува на училишната табла, наствното ливче и сл. Заради збогатување на речникот секојдневно треба да се води слободен разговор инициран од конкретни случувања или импровизирани ситуации.

При реализирањето на воспитно - образовниот процес со учениците со мултихендикеп кои имаат оштетен слух треба да се оперира со богато илустраиран материјал. Добро избраната слика, цртеж, илустрација кај ученикот може да го обезбеди она што сакаме ученикот интелектуално да го сфати, логички да го обработи и притоа да сака да се изрази употребувајќи говор.

Развојот и учењето на учениците со мултихендикеп кои имаат оштетен вид се одвива според истите законитости на развојот како и кај учениците што гледаат, но постојат разлики и варијации кои се однесуваат главно на брзината и темпото на нивниот развој. Темпото на стекнување одредени вештини и знаења кај нив е побавен, а варирањето во брзината на развојот е поголема отколку кај учениците кои немаат проблеми со  видот. Воопшто, кај слепите ученици потребно е постојано зборување, усно обраќање, објаснување, разговор, проверка на разбраното по пат на прашања.

Учениците со мултихендикеп со симптоми на аутизам манифестираат доцнења во развојот на говорот и јазикот. Кај нив поголеми се предизвиците на полето на социјалната комуникација и интеракција. Тие, исто така, може да имаат проблеми со започнување и/или спонтано одвивање на конверзацијата. Многу често, учениците со аутизам обраќањето на наставникот го разбираат како тој да им се обраќа на другите, а не токму нему/нејзе.Тие може да реагираат и/или да одговараат на одредени информации и налози на многу невообичаени, несоодветни, специфични и уникатни начини. Карактеристично за некои од нив е дека без некоја причина во одредени ситуации реагираат агресивно и автоагресивно, што може да резултира со сериозни повредувања. Карактеристика за нив е што тие често инсистираат на едноличност, монотоност и стереотипност во однесувањето и окружувањето. Многу често пружаат отпор на воведувањето промени од кава било природа. Учениците се соочуваат со тешкотии во искажувањето на сопствените потреби, желби, намери и сл. Специфика на нивното однесување, исто така, претставува постојано повторување на одредени зборови и фрази (ехолалија), како и постојано повторување на одредени движење (ехопраксија). Изразената хипо или хипер активност е, исто така, нивна карактеристика.

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Содржината на наставната програма по предметот **македонски јазик** овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: **математика, ликовно образование, музичко образование, основи на природните науки.** . Во интегрирано планирање на предметното подрачје **Јазик** можат да се вклучат и содржини од: *основи на општествените науки* (кога ученикот се запознава со видовите зборови во усно и писмено изразување именувајќи ги поимите од овој наставен предмет или кога се работат содржини од историскиот развој на јазикот); со *математика* (при именување на

поимите од содржините од математика или со приближната и точната бројност на броевите како видови зборови); со *ликовно образование* (со правење цртежи со кои се претставуваат ликови, настани од текстовите кои се работат); со *музичко образование* (преку содржините кои се поврзани со самогласките и согласките, со содржини преку кои се запознаваат со ритам).

Во севкупното планирање на содржините на наставниот предмет *македонски јазик* треба да се вклучуваат и планирања кои се поврзани со вреднување на постигањата на учениците за време на реализацијата на наставната програма. Тоа подразбира дека вреднувањето треба да е дел и од дневните, тематските и од глобалните планирања на наставниот процес.

Планирањето на наставата по македонски јазик треба да биде во координација со наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја. При одредувањето на бројот на часовите за предметните подрачја треба да се имаат предвид и специфичностите на условите за изведување на оваа настава во училиштето каде што работи наставникот. Во планирањето на наставната програма треба да се уважува фактот различното тежинско ниво на програмските содржини во рамките на програмата што се извлекува од поставеноста на целите што треба да е основа на планирањето на наставниот процес. На сите содржини не може, и не треба, да им се посветува подеднакво внимание во наставата. Во планирањето, исто така, како појдовна основа треба да е и поставеноста на наставната содржина, потребниот временски рок за реализација на истата, како и нивото на постигања на поставените цели. Сепак, се препорачува да нема впечатливо големи временски отстапки за содржинската реализација.

Наставниот предмет е задолжителен. Застапен е со 4 часа неделен, односно 144 часа годишен фонд.

*Наставни средства:*

- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- енциклопедии, речници и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија - традиционално потврдени списанија за деца (одобрени списанија);
- аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот – ЦД (литературни текстови, звучни записи);
- други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, нацинални паркови итн.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување со цел да ја спознае состојбата таква каква што е, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности.

Дијагностичкото проверување наставникот може да го реализира со примена на повеќе инструменти како што се: дијагностички тестови, со усни прашања подготвени од наставникот, со усни прашања подготвени од учениците, со пишување кратки состави.

Добиените одговори се слика на ученичките предзнаења во најширока смисла на зборот и претставуваат основа за планирањата за реализацијата на наставната програма и процесот на оценување во текот на наставната година.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Во текот на наставата по македонски јазик во шесто одделение се препорачува формативно следење кое ќе овозможи формирање на објективни описи како повратна информација за постигањата на учениците во определен временски период. Формативното следење на постигањата на учениците наставникот може да го реализира со користење на повеќе методи за оценување:

- разговори наставник/ученик;
- усни презентации;
- писмени вежби;
- домашни работи;
- портфолио - собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно.

Портфолиото треба, во текот на целата година, да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик. Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

Овие и други методи за оценување наставникот може да ги вреднува со однапред подготвени евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретна негова активност, која е специфична (позитивна или негативна) или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба. Добиените резултати од следењето на постигањата на учениците овозможуваат креирање на планирани усни и пишани повратни информации кои во форма на креирани описи се наменети за учениците, за родителите и за самите наставници.

**МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ** - На крајот од секое тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување од чиишто резултати се оформуваат тримесечните описни вреднувања за постигањата на учениците.

Од формираните сумативните описни оценки раководејќи се од нивоата на постигања на крајот на полугодието и на крајот на учебната година наставникот внесува и соодветни нумерички оценки.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште, а донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Настава по македонски јазик во шесто одделение може да изведува лице кое завршило:
Филолошки (порано Филозофски) факултет:

- студиска група за македонски јазик и македонска книжевност;
- студиска група за македонски јазик и книжевност;
- студиска група за македонска книжевност и јужнословенски книжевности (порано книжевности на народите на СФРЈ);
- студиска група за за општа и компаративна книжевност – наставна насока;
- студиска група за за општа и компаративна книжевност – друга насока со здобиена соодветна педагошко – психолошка и методска подготовка на соодветен факултет;
- двопредметни студии по македонски јазик и англиски јазик; македонски јазик и француски јазик; македонски јазик и германски јазик;
- покрај со соодветна педагошко – психолошка и методска подготовка на соодветен факултет треба да се здобие и со дополнителна дефектолошка дообразба на соодветен факултет;
- филозофски факултет – Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;

Доколку на објавениот јавен оглас не конкурирало лице со стекнато образование од горенаведените студиски групи, може да изведува настава лице кое завршило:

- македонски јазик како втор главен предмет – наставна насока.

Изготвил: работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
Контролирал: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје
Одобрил: м-р Весна Хорватовиќ, директор на Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по македонски јазик за шесто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден ------------------------------------------

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-3951/1
19.08.2013 год.
СКОПЈЕ

Министер,

Спиро Ристовски